РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-363/10
15-11-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот со бр.09-363/1 од 24.01.2024 година, оформен против лицето ------------, декан на -------------- факултет при ---------------- и член на Управниот одбор на ЈП ---------- се,

**СЕ ЗАПИРА.**

По констатирана повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, спроведена прекршочна постапка и поради промена на фактичката состојба, ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-363/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива, со наводи дека лицето ---------- ја извршува функцијата декан на ----------- факултет при ----------------- и член на Управниот одбор на ЈП ----------------.

ДКСК направи увид во поднесениот Образец Изјава на интереси од страна на лицето ----------- со број 09-9112/1 од 01.11.2022 година, по што утврди дека истиот истовремено ја врши функцијата декан на ------------- факултет при ---------- и член на Управниот одбор на ЈП ----------------------.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Имено ДКСК со допис Известување и барање на информации заведен под број 09-363/2 од 06.02.2024 година се обрати до лицето ----------- во врска со тоа дали сеуште ги извршува горенаведените функции и доколку ги извршува/има престанок во прилог да ги достави актите за избор ( именување или назначување) / актот за престанок.

Лицето ------------- достави писмен допис број 09-363/3 од 20.02.2024 година до ДКСК со кое што во прилог на Дописот достави Решение за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈП ------------------ бр. ------------ од 30.07.2021 година, Одлука за избор на декан на ---------------- факутет бр. ----------- од 17.08.2022 година и Одлука за потврдување на изборот на декан на ------------- факултет бр. ----------- од 17.09.2022 година

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето ---------- е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) состави Записник за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог. Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваниот во законски определениот рок до ДКСК не достави уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог и затоа ДКСК до Прекршочната комисија при Државната комисија за спречување на корупција поднесе Барање за поведување прекршочна постапка бр. 09-363 од 05.06.2024 година.

Прекршочната комисија при Државната комисија за спречување на корупција достави Решение бр. 09-363/7 од 09.07.2024 година до ДКСК со кое ја известува дека на лицето ---------- му е изречена Прекршочна санкција – ГЛОБА во износ од 300 евра (триста евра) во денарска противвредност од 18.458,00 денари по среден курс на Народна банка на РСМ.

ДКСК до именуваниот достави Укажување бр. 09-363/8 од 17.07.2024 година со кое му беше укажано дека констатираната состојба на повреда на ограничувањето за вршење на дејноста за време на вршење на функцијата може да ја надмине единствено доколку се откаже од извршување од една од двете функции декан на ---------------факултет при -------------- или член на Управниот одбор на ЈП ------------- и дека е потребно до ДКСК да достави соодветен доказ во рок од 15 дена по приемот на дописот.

Именуваниот до ДКСК со допис 09-363/9 од 23.07.2024 година достави Копија од Решение за разрешување од должноста членови и именување на в.д членови на Управниот одбор во Јавното претпријатие за --------------- бр. --------- од 02.07.2024

година од кое видно е дека именуваниот е разрешен од функцијата член на Управниот одбор.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р СМ– советник
Контролирал: К.З – раководител
Одобрил: м-р С.Д. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk